**Опис на активностите од формирањето на ЛЕСС на Општина Демир Хисар**

Одлуката за формирање на ЛЕСС на Општина Демир Хисар ја донесе Советот на Општина Демир Хисар на 15.05.2023 година. Потоа партиципиентите (локална самоуправа, бизнис сектор и синдикати) во ЛЕСС на Општина Демир Хисар, номинираа свои членови.

На 25.05.2023 година се потпиша Спогодбата за основање на ЛЕСС на Општина Демир Хисар, помеѓу Општина Демир Хисар, претставена од Градоначалникот Никола Најдовски, Организацијата на работодавачи на Македонија, претставена од претседателката Владанка Трајковска и Сојузот на синдикатите на Македонија, претставен од потпретседателот Иван Пешевски. На потпишувањето присуствуваа и Трпе Деановски претседател на Синдикатот на УПОЗ, Наташа Мечкароска-Симјаноска претставник на Меѓународната организација на трудот, Слободан Трендафилов престедател на Сојузот на синдикатите на Македонија, Левенд Биџаку претставник на Меѓународниот институт „Олоф Палме“ од Шведска, потоа Мери Нашоку и Катерина Калешковска како претставнички на МКЦ Битола. МКЦ Битола го спроведува проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ со поддршка на Меѓународниот институт „Олоф Палме“ од Шведска.





На 28.06.2023 година се одржа првата конститутивна седница на ЛЕСС на Општина Демир Хисар и се избраа претседавач на ЛЕСС Ненад Шундовски, заменик претседавач Иван Кузмановски и секретар Јулијана Талевска. Исто така се донесе деловник за работа а се дискутираше и за активностите кои што следат во наредниот период.



Претседавачот и заменикот присуствуваа на Годишната конференција на Организацијата на работодавачите на Македонија.

На 14.09.2023 година претставници на ЛЕСС на Општина Демир Хисар присуствуваа на настанот за вмрежување на ЛЕСС-овите на општините Ресен, Демир Хисар, Битола, Струга, Штип, Тетово, Гостивар, Кавадарци и Свети Николе, организиран од МКЦ Битола.



На 28.09.2023 година, ЛЕСС на Општина Демир Хисар организира Форум за утврдување на приоритети за работата на Локалниот економско-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2023 година. Настанот се реализира во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ на Младински културен центар – Битола, поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска. На форумот освен членовите на ЛЕСС, присуствуваа и присуствуваа и Градоначалникот на Општина Демир Хисар Никола Најдовски, Аце Јанкуловски претставник на Советот, како и 25 надворешни членови на ЛЕСС, претставници на државни институции, месни заедници, бзинис сектор итн. Од Форумот прозилегоа доста дискусии и идеи кои ќе помогнат во реализирањето на целите за кои ЛЕСС е формиран. Во продолжение е претсавен извештајот од форумот.

Од 17 до 19 септември, петмина членови на ЛЕСС Демир Хисар учествуваа на обука за зајакнување на капацитетите на членовите на ЛЕСС од неколкуопштини за препознавање, спречување и борба против корупцијата и коруптивното однесување како и предлагање и преземање на превентивни антикорупциски мерки, политики и иницијативи во соработка со локалната власт за справување со коруптивните практики.




На 15.11.2023 година, во с. Слепче, Општина Демир Хисар, Локалниот економско-социјален совет на општина Демир Хисар, организира панел-дискусија на тема: „Искористување на извозните, инвестиционите и туристичките капацитет на општина Демир Хисар“. Настанот беше реализиран во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата на Младински културен центар- Битола, поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме Шведска.